Република Македонија
Општина Илинден

ЈАВЕН ГИС ПОРТАЛ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Кратко упатство за граѓаните

Јавниот ГИС портал на Општина Илинден е интерактивна мапа преку која секој граѓанин може да ги разгледа важечките урбанистички планови и да ги види основните плански податоци за одредена градежна парцела — во секое време, бесплатно и без доаѓање во Општината.

Адреса: https://ilinden.ins.com.mk/NexusPublicPortal/PublicPortal/Map
Порталот работи на компјутер, таблет и мобилен телефон, преку прелистувачите како Google Chrome, и слични.

1. Креирање на кориснички профил

За користење на порталот потребен е кориснички профил. Регистрацијата ја прави самиот граѓанин, бесплатно и без доаѓање во Општината.

1. Отворете ја адресата на порталот во веб-прелистувач.
2. Кликнете на „Регистрирај се" во горното мени или на копчето „Регистрирај се сега" на екранот за најава.
3. Пополнете ги полињата: целосно име, корисничко име, лозинка (се внесува двапати), е-пошта и телефон.
4. Изберете дали сакате да добивате известувања од порталот.
5. Кликнете на копчето „Креирај профил".

Регистрацијата се прави еднаш. Потоа секогаш се најавувате со истото корисничко име и лозинка.




Слика 1: *Горно мени пред најава. Преку „Регистрирај се" се отвора формата за нов профил, а преку „Логирај се" екранот за најава.*




Слика 2: *Форма за регистрација на нов корисник. Двете лозинки мора да се совпаѓаат — под второто поле се прикажува потврда „се совпаѓа". Профилот се создава со копчето „Креирај профил".*

2. Најава и одјава

1. Отворете ја адресата на порталот.
2. Внесете го корисничкото име во полето „Корисник“ и вашата лозинка.
3. Ако сакате прелистувачот да ги памти податоците, штиклирајте „Запомни ме“.
4. Кликнете на копчето „Логирај се“. По успешната најава автоматски се отвора мапата со територијата на Општината и означените урбанистички планови.



Слика 3: *Екран за најава. Ако сте ја заборавиле лозинката, кликнете на „Ја заборави лозинката?“. Доколку сè уште немате профил, користете го копчето „Регистрирај се сега“ на дното.*




Слика 4: *Изглед на порталот по успешната најава. Екранот има три дела: горно мени (горе), мапа (централно) и вертикална лента со алатки (десно).*



Слика 5: *Горно мени по најава. Наместо „Регистрирај се“ и „Логирај се“ сега стојат „Здраво, {корисничко име}“ (кориснички профил) и „Одјави се“. Со МК се менува јазикот.*

За безбедно напуштање на порталот, кликнете на „Одјави се“ во горното мени. Со клик на „Здраво, {корисничко име}“ се отвора страницата на корисничкиот профил, каде што самостојно може да ја смените лозинката, е-поштата и телефонот.



Слика 6: *Страница на корисничкиот профил. Преку картичките се менува лозинката, адресата за е-пошта и телефонскиот број, а со копчето „Мапа“ се враќате на приказот на мапата.*


3. Алатката „Инфо“ — податоци за градежна парцела

Алатката „Инфо“ е основната алатка за граѓаните. Со неа со едноставен клик на мапата се прикажуваат податоците за урбанистичкиот план и за градежната парцела на избраната локација.

1. Кликнете на иконата i (Инфо) во лентата со алатки на десната страна од мапата.
2. Зумирајте ја мапата до саканата локација и кликнете на неа.
3. Во панелот „Инфо“ се прикажуваат податоците за опфатот (урбанистичкиот план), а опфатот се означува на мапата.
4. Со клик на копчето → во горниот десен агол на панелот се прикажуваат податоците за градежната парцела. Со копчето ← се враќате на податоците за опфатот.
5. Панелот се затвора со клик на „X“ во неговиот горен лев агол.




Слика 7: *Преглед на податоците за опфатот. Избраниот урбанистички план е означен на мапата, а десно се прикажани името на планот, планскиот период, техничкиот број, бројот и датумот на одлуката, законската регулатива, изработувачот и површината.*



Слика 8: *Преглед на податоците за градежната парцела. Парцелата е означена на мапата, а десно се прикажани нејзините плански параметри.*

За градежната парцела се прикажуваат:

- број на градежната парцела и класа на намена (на пр. А1 — домување во станбени куќи);
- компатибилна класа на намена и нејзиниот максимален процент;
- површина на градежната парцела и површина за градење;
- бруто развиена површина, максимална висина и катност (на пр. П+2);
- потребен број на паркинг места, процент на изграденост и коефициент на искористеност.




Слика 9: *Зголемен приказ на панелот „Инфо“ — податоци за опфатот (лево) и за градежната парцела (десно).*

4. Побрзо пронаоѓање на парцела

Ако го знаете бројот на парцелата, не мора рачно да ја барате на мапата.

1. Кликнете на иконата лупа (Пребарување) во лентата со алатки.
2. Во полето „Тип на пребарување“ изберете „Градежни парцели“.
3. Изберете го урбанистичкиот план, а потоа бројот на градежната парцела.
4. Мапата автоматски се позиционира на парцелата и ја означува. Потоа со алатката „Инфо“ ги гледате нејзините податоци.



Слика 10: *Пребарување по градежна парцела. По изборот на планот и бројот, мапата сама се позиционира на бараната парцела.*

> **Важно:** Податоците прикажани на порталот се информативни. За официјални потреби, како што е добивање одобрение за градење, потребен е извод од план издаден и заверен од Општина Илинден.